Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-22/2-1
**04.04.2022, Скопје**

За потребите на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата" финансиски поддржан од Амбасадата на САД во Скопје, а врз основа на Договор за грант SMK80021GR3036 од 13.08.2021 година склучен меѓу Институтот за човекови права и Американската амбасада во Скопје (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА ToR 02/2022

## за ангажирање на експерти за изработка на онлајн курс за борба против корупција

## I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Следење на националните активности во борбата против корупцијата"

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

**Број на предвидени работни денови:** 8
**Почеток на договорот:** 12.04.2022
**Крај на договорот:** 11.05.2022
**Место:** Скопје/онлајн

## III. ПОЗАДИНА

„Следење на националните активности во борбата против корупцијата" е проект чијашто генерална цел следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Антикорупциска стратегија) преку исполнување на мерките на Владата на Република Северна Македонија и иницијативите кои се составен дел на планот на Владата во борбата против корупцијата насловен како „Акција 21". Специфични цели на проектот се:

1. Да се процени успешноста и брзината на преземените чекори на Владата во борбата против корупцијата согласно Антикорупциската стратегија и Владиниот план „Акција 21" како и да се дадат заклучоци и препораки;
2. Да се подигне свеста и да се стекне знаење за важноста од преземање на активно учество во процесот на елиминација на корупцијата преку употреба на националните механизми и негативните последици од корупцијата меѓу пошироката јавност;

Во насока на остварувањето на поставените цели согласно проектот ќе бидат преземени повеќе проектни активности, кои се очекува дека ќе ги дадат следниве резултати:

- Изработени и споделени квартални извештаи за успешноста на имплементација на Антикорупциската стратегија и Владиниот план „Акција 21";

U.S. Embassy Skopje

- Изработен онлајн курс за препознавање и борба против корупцијата достапен на ИЧП Академијата за е-учење, се цел зголемување на знаењата;
- Спроведена онлајн кампања и подигната свест за негативните последици од корупцијата и важноста на пријавување дела од корупција;
- Подготовка на анализа која ќе ги детектира недостатоците во имплементацијата на националните активности во борбата против корупцијата и ќе понуди препораки за нивно надминување

Проектот ,,Следење на националните активности во борбата против корупцијата" е финансиран од Амбасадата на САД во Скопје.
Проектот е реализиран од Институтот за човекови права.

**Институтот за човекови права** (ИЧП) е спроведувач на проектот, здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

## IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е да се десиминираат знаењата за важноста од преземање на активно учество во процесот на елиминација на корупцијата преку употреба на националните механизми и негативните последици од корупцијата меѓу пошироката јавност.

Конкретната цел на задачата е подготовка на еден онлајн курс за борба против корупцијата. За потребите на онлајн курсот треба да се изготват материјали кои вклучуваат лекции, информативни видеа, прашања итн. наменети за корисниците на курсот. Секој поединец заинтересиран да научи за борбата против корупцијата ќе има бесплатен пристап до Академијата за човекови права на ИЧП каде што ќе биде достапен курсот за корупција. Курсот ќе биде достапен и по завршувањето на проектот и ќе обезбеди понатамошна одржливост. Курсот ќе се промовира со користење на социјалните медиуми со цел да се привлечат што повеќе луѓе.

**Задачи и обврски:**
Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, обврска на испорачателот на услугите е да се:

1. Изработат лекции за курсот систематизирани во 5 поглавја
   - Курсот треба да биде поделен на 5 поглавја
     - Дефиниции и правна рамка за борба против корупција

- Како да се препознае и што се претставува корупција (практични примери и илустрација)
- Национални механизми за борба против корупција и каде и како може да се пријави корупција (фокус на најефикасни механизми – статистички и примери од пракса)
- Компаративни искуства и европски механизми
- Вежба - случај (еден или два примери за корупција каде учесниците на курсот сами ќе треба да направат проценка дали случајот претставува или не претставува корупција)

2. Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори)
   - За секое поглавје треба да се изработат од 3 до 5 прашања со понудени одговори, кои ќе претставуваат тест за учесниците на курсот дали ја совладале материјата на поглавјето.
3. Снимање на кратки видеа со содржината на материјалите на курсот
   - За секое поглавје ќе биде снимено кратко видео со кое ќе се воведе учесникот во курсот во содржината на поглавјето.

**Забелешка:** При извршувањето на оваа задача, се очекува од испорачателот на услугите:

- Да примени пристап заснован на докази, највисок стандард на работа и навремено да ги доставува резултати во секоја фаза на извршувањето на задачата;
- Да обезбеди јасност на целите и процесот за време на консултациите со проектниот тим.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

## V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од испорачателот на услугите се очекува да ги испорача следниве резултати:

| Резултати | % од целосниот износ на договорот | Прелиминарен датум |
|---|---|---|
| 1. Драфт верзија со утврдени поглавја и лекции | 30% | 20.04.2022 |
| 2. Финална верзија со прашања и примери | 60% | 30.04.2022 |
| 3. Едукативни видеа | 10% | 10.05.2022 |

**Начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата.

## VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата задача.
- Во функција на успешно извршување на задачата на испорачателот на услугите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Испорачателот на услугите ќе работи во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Потребно е да се биде во редовна комуникација со проектниот координатор преку е-маил. Целата комуникација и документите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права на експертот за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото) со јасно наведување на авторството.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од 12.04.2022 до 11.05.2022 година.

Проектниот тим на Институтот за човекови права во согласност со предвидената временска рамка ќе се договори со испорачателот на услугите за точниот датум во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проекти во зависност од обезбедувањето на сите потребни услови.

Деталната временска рамка ќе биде дополнително креирана во договор со сите членови на тимот.

## VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде во Скопје/онлајн. Службени патувања не се предвидени согласно проектната активност.

## IX. ВЕШТИНИ

- Развиени интерперсонални и комуникациски вештини, способност за тимска работа.
- Способност за работа под притисок и стресни ситуации.
- Способности за аналитичко размислување, известување и пишување.
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

## X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТОТ

Образование

- Дипломиран/а правник/чка со завршено четиригодишно високо образование на правни студии (т.н „стара програма") или дипломиран правник со стекнати 300 кредити согласно ЕКТС.

Искуство

- Најмалку две години работно искуство во вршење на работи поврзани со корупција.

Како предност ќе се смета:

- Искуство во областите владеење на правото, правосудство и кривична правда;
- Положен правосуден испит;
- Искуство во пишување анализи и истражувања;
- Работно искуство во меѓународна или невладина организација;

Јазични вештини

- Одлично познавање на писмен и устен македонски јазик и напредно познавање и користење на писмен и устен работен англиски јазик.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на испорачателот на услугите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со испорачателот на услугите чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

Понудата ќе биде **финансиски евалуирана** само на оние кандидати кои ќе добијат минимум 42 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
**број на бодови = (најниска понудена цена х максимален број на бодови) / цена на понудата**

**Квалитативна евалуација:**

| **Критериуми** | **Максимум поени 60** |
|---|---|
| CV со фокус на потребната квалификација | 30 |
| Сепцифично искуство во вршење на работи поврзани со корупција (писмо за изразување на интерес) | 30 |

## XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

1. CV со фокус на потребната квалификација
2. Сепцифично искуство во вршење на работи поврзани со корупција (писмо за изразување на интерес)
3. Финансиска понуда (според форматот даден во Поканата бр. 0506-22/2)